Врз основа на чл. 31 ст. 4, чл. 35 ст. 2 точка 4 од Законот за вештачење („Службен весник на РСМ“ бр.154/23), Управниот одбор на Комората на вештаци донесе

# КОДЕКС НА ЕТИКА НА ВЕШТАЦИ

Член 1

Општи одредби

Овој Кодекс претставува збир на начела и стандарди кон кои вештаците се должни да се придржуваат при вршење на вештачењето со цел да се обезбеди законитоста, професионалниот интегритет, стручноста, ефикасноста и непристрасноста на вештаците.

## ОДДЕЛ I
## ОПШТИ ПРИНЦИПИ

Член 2

Членовите на Комората на вештаци при вршење на вештачењето, како и при извршување на своите обврски кои произлегуваат од вршење на вештачење се должни вештачењето да го вршат совесно, непристрасно и во согласност со правилата на науката и стручното знаење, етичките норми и професионалните стандарди, како и изготвените вештачења да ги доставуваат точно, навремено и потполно.

## ОДДЕЛ II
## ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 3

Законитост и совесност

Вештаците се должни вештачењето да го вршат во согласност со законите, другите прописи, правилата на науката, соодветната струка и техника, како и да ги почитуваат професионалните стандарди на својата струка и при вршењето на вештачењето да постапуваат совесно, чесно, одговорно и ефикасно.

Член 4

Независност и непристрасност

Вештакот го изработува стручниот наод и мислење независно и објективно без никакво влијание од страни кои би можеле да ја искомпромитираат неговата професионалност, стручност или интегритет.

Во текот на вештачењето вештакот е должен со примена на научните достигнувања и правилата на струката објективно да ги утврдува фактите, критички да ги оценува и со еднакво внимание да ги разгледува барањата на сите субјекти со цел непристрасно да изведе заклучок односно мислење кое ќе му го предочи на органот што ја води постапката.

Во вршењето на своите должности, вештакот е должен да ги зачува независноста и непристрасноста во изготвувањето на наод и мислење и тоа како во однос на нарачателот, така и во однос на странките.

Член 5

Интегритет

Секој вештак е должен да се однесува и работи со личен и професионален интегритет со што ќе ја гради и заштитува довербата кај клиентите, колегите, органите пред кои се води вештачењето, како и пред целата јавност.

Интегритетот подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, стручно и професионално однесување со кое се чува сопствениот углед и угледот на Комората на вештаците во натамошниот текст: Комората), се елиминираат ризиците и се отстрануваат сомнежите од настанување и развој на секаков вид корупција, конфликт на интереси и влијанија врз изработката на стручниот наод и мислење.

Член 6

Спречување на конфликт на интереси

Вештакот нема да прифати вештачење за конкретен предмет доколку оцени дека постојат околности кои може да укажуваат на конфликт на интереси.. Се смета дека вештакот е во состојба на  конфликт на интереси кога постојат околности што може да влијааат врз непристрасното изготвување на стручен наод и мислење или кога вештакот бил компромитиран во професионалното расудување поради влијание од други лица.

Вештакот е должен да го избегнува секој судир на интереси кој може да биде предизвикан од лични, семејни, блиски, антагонистички и слични врски; притисоци и ветувања од страна на нарачател на вештачење, учесник во постапката, претпоставен или од друго лице; финансиски интереси или примање надомест од било каков вид што би довело до претпоставка за постоење на влијание врз објективноста на вештачењето.

Вештакот нема да прифати надомест, попуст, услуга или друг вид материјална или нематеријална корист за себе или за друг која може да се смета за конфликт на интереси со било кој учесник во постапката или со службените лица кои ја водат истата.

Член 7

Спречување на корупција

Вештакот нема да побара ниту да прифати примање на подароци, услуги и друг вид на материјална и нематеријална корист со која може да се наруши на било кој начин независноста и непристрасноста во вештачењето.

Вештакот нема да бара ниту да прифати понуда за вработување од страна на нарачател на вештачење или учесник во постапката, ниту пак да стекнува по било кој основ акции или удели во субјектот за кој работел односно вршел вештачење.

Вештакот нема да прифати директно или индиректно примање на никаков паричен надомест, друга корист или предност односно погодност за себе или за друг чиешто прифаќање или примање може разумно да се смета како ставање во состојба на конфликт на интереси или постапување под влијание со кое се загрозува непристрасноста, објективноста и професионалноста во работењето.

Член 8

Компетентност и професионалност

Вештакот е должен континуирано да ги одржува и зголемува нивото на своите професионални комппетенции и знаење со цел неговите стручни наоди и мислења да бидат во согласност со достигнувањата на науката и струката, со најновата регулатива, методологија на истражување и стандардите во соодветната област.

Вештаците се должни да се усовршуваат професионално и да посетуваат обуки за континуирано усовршување што ги организира Комората.

Член 9

Одговорност

Вештакот е одговорен за секој аспект од извршувањето на вештачењето направено врз основа на документацијата со која бил должен да располага.

Секој нарачател на вештачење, учесник во постапка, орган пред кој се води постапка или колега на вештакот може до Комората да поднесе поплака за конкретна активност, пропуштање или однесувањето на вештак. Во таков случај, вештакот е должен да даде одговор на секој навод во поплаката со цел органите на Комората да бидат запознаени со случајот и да биде заземен став.
Должност на вештакот е да ги вложи сите напори да се надмине настанатиот проблем без конфликт и со почит кон сите страни.

Секој вештак има право и обврска да врши заштитено пријавување согласно прописите за заштитено пријавување и заштита на укажувачи.

Член на Комората не смее без согласност на органите на Комората да изнесува во јавност информации кои произлегуваат од пристигнатите поплаки кои се

разгледувале во Комората и должен е да се воздржува од коментари за работата на други вештаци.

Ниту еден член на Комората не треба да презема дејствија и активности кои би значеле нелојален натпревар со други вештаци.

Член 10

Доверливост на информации

Вештаците не смеат да ги откриваат доверливите или привилегирани информации до кои имаат пристап, ниту пак да ги користат тие информации со цел да постигнат корист за себе или за други лица и должни се тие информации да ги употребат само за целите на вештачењето и постапката во која учествуваат.

Член 11

Јавни изјави

Комората во јавност ја претставува претседателот на Комората.
Сите јавни изјави се право и одговрност на претседателот на Комората.

Член 12

Прекршување на одредбите од Кодексот на етика

Вештакот е должен да ја извести Комората доколку има сознание за информации што разумно сугерираат дека друг член на Комората го прекршил Кодексот на етика на вештаците.

Непочитувањето на одредбите од овој Кодекс, претставува дисциплинска повреда за која се предвидени дисциплински мерки согласно Законот за вештачење.

Член 13

Завршни одредби

За прашањата кои не се регулирани со овој Кодекс се применуваат одредбите од Статутот на Комората на вештаци и Законот за вештачење.

Овој Кодекс стапува во сила со денот на усвојување.

Скопје,

13.02 2025 година

Претседател на Комората,

д-р Виктор Камнар

КОМОРА НА ВЕШТАЦИ на Република Северна Македонија * СКОПЈЕ